**Смрт на фашизмот — слобода на народот!**

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ракописите се испраќаат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ"-Скопје. Огласи по тарифата.

СКОПЈЕ
Среда, 18 мај 1955
Број 15 Година XI

Претплата за 1955 год. изнесува 800 дин. Овој број чини 40 динари Чековна сметка број 801-Т-166.

95.

На основа чл. 5 од Уредбата за управување и начинот на користење средствата на Републичкиот фонд за унапредување на шумарството („Службен весник на НРМ" бр. 11/55 година), по предлог на Управниот одбор на фондот за унапредување на шумарството, Извршниот совет на Народното собрание на Народна Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРВ РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ БАРАЊА ЗА КОРИСТЕЊЕ СРЕДСТВА ОД РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ШУМАРСТВОТО

1. Првиот рок за поднесување барања од Републичкиот фонд за унапредување на шумарството се определува до 25 мај 1955 год.

2. Корисници на средствата од фондот за унапредување на шумарството се шумски стопанства, национални паркови, управи за зелени појаси и други слични стопански организации и установи.

Средствата можат да се користат за реконструкција и новоградба и тоа:

а) за градба на шумски патишта;

б) за градба на ловни куќи; и

в) за подобрување на пасиштата со градба на патишта, цистерни, каптажи, поила и др.

3. Средствата од Републичкиот фонд за унапредување на шумарството ќе се доделуваат на корисниците врз база на техничка документација, како е предвидено во чл. 6 од Уредбата за управување и начинот на користење на средствата од Републичкиот фонд за унапредување на шумарството.

4. Корисниците се должни во определениот рок да достават по еден примерок од техничката документација и решение од надлежниот орган за ревизија до Управниот одбор на Републичкиот фонд за унапредување на шумарството при Управата за шумарство на НРМ — Скопје.

5. Во се друго за користење на средствата од фондот важат одредбите на Уредбата за управување и начинот на користење на средствата од Републичкиот фонд за унапредување на шумарството.

ИС бр. 121
16 мај 1955 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Љупчо Арсов**, с. р.

# Огласен дел

## РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации под реден број 412/54 година, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан на мало „Нови Дојран", со седиште во Струмица. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со риба.

Од Окружниот суд во Штип, Р. бр. 412/54.
(1580)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации под реден број 406/54 година, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан на мало „Црвено поле", со седиште во село Иловица — Струмичко. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со прехранбени артикли и предмети за куќни потреби, како и трговија со мешовити индустриски стоки.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 406/54.
(1586)

---

Окружниот суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25 септември 1954 година, под реден број 550, е запишано стопанското претпријатие под фирма: Фабрика за конзерви „Вардар", со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на фабриката е: произведување и продажба на секаков вид конзерви со емиш и зарзават, мелење на црвен пипер, производство на дрвен и лимен амбалаж; купопродажба на секаков вид емиш и зарзават.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 579/54.
(1599)

Окружниот суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25 октомври 1954 година под реден број 568, е запишано стопанското претпријатие под фирма: Градежно претпријатие „Вардар", со седиште во Неготино — Тиквешко. Предмет на послувањето на претпријатието е: обавување градежни работи од ниска и висока градба.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 603/54. (1535)

---

Окружниот суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25 септември 1954 година, под реден број 440, е запишан трговскиот дуќан под фирма: Трговски дуќан „Превалец" со седиште во Титов Велес. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со мешовити колонијални стоки.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 366/54. (1601)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8 декември 1954 година под реден број 726, е запишан дуќанот под фирма: Угостителски дуќан во домот на ЈНА, со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на дуќанот е: исхрана и точење на алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Дуќанот е основан од НО на град Скопје со решение бр. 8349 од 26 ноември 1954 година. Истиот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат директорот Јордан Масевски и Методија Саздовски, книговодител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 726/54. (1609)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23 ноември 1954 година под реден број 728, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан „Светлост" —. Гостивар во состав на Трговското претпријатие „Шар", со седиште во Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со текстил, куси и плетени стоки и конфекција, галантериски, базарски стоки и играчки, парфимериски и козметички средства како и бои и хемикалии.

Дуќанот е основан од НО на Гостиварска околија со решение бр. 10226 од 6 септември 1954 година. Истиот ќе го потпишува раководителот Карпузи Еминов.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 728/54. (1617)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10 декември 1954 година под реден број 752, е запишан дуќанот под фирма: Месарски дуќан „Дојран", со седиште во Гевгелија. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија со месо, риба и сухомесни производи на мало.

Дуќанот е основан со решение на НО на Градската општина — Гевгелија бр. 5797 од 24 декември 1953 год.

Дуќанот ќе го потпишува раководителот Ристо Тодов и Прошо Јованов, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 752/54. (177)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 18 февруари 1955 година под реден број 345, е запишана продавницата под фирма: Продавница на Претпријатието за изработка на офицерски и цивилни облекла и чевли — Скопје, со седиште во Титов Велес. Предмет на послувањето на продавницата е: снабдување на припадниците на ЈНА од Гарнизонот во Титов Велес со офицерски и цивилни облекла и чевли.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за изработка на офицерски и цивилни облекла и чевли — Скопје со одлука од 9 декември 1954 година, а одобрено од НО на Градската општина — Титов Велес со решение бр. 2051 од 15 февруари 1955 година.

Раководител на продавницата е Босилков Никола.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 878/55. (199)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 13 декември 1955 година под реден број 735, е запишан дуќанот под фирма: Самостоен занаетчиски дуќан-слаткара „Јагода", со седиште во Гостивар Предмет на работата на дуќанот е: занаетчиски услуги и продажба на разни слатки.

Дуќанот е основан со решение на НО на Градската општина — Гостивар бр. 4837 од 2 октомври 1953 година.

Дуќанот ќе го потпишува раководителот Мамут Јајаи и Даница Дуковска, заменик.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 755/54. (205)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25 декември 1954 година под реден број 804, е запишано под фирма: Продавница бр. 2 на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска", со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на продавницата е: продажба на намештај: спални соби, кујни, комбинирани соби и др. намештај — производи на претпријатието „Треска" — Скопје.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска" — Скопје, а одобрено од НО на град Скопје — Секретаријат за стопанство со решение бр. 6639 од 10 септември 1954 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 804/54. (222)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8 декември 1954 година под реден број 777, е запишано трговското претпријатие под фирма: Трговско претпријатие за колонијални стоки „Делика-

тес", со седиште во Тетово. Предмет на послувањето на претпријатието е: трговија на мало со колонијални стоки и тоа: прехранбени артикли и предмети за куќни потреби, алкохолни и безалкохолни пијалоци, нафтени деривати, мазива уља и масти, порцелан, керамична стока и стакло, тутунски преработки, ќибрит и прибор, производи врз база на шеќер и какао, млечни преработки (само на кило).

Претпријатието е основано со решение на НО на Градската општина — Тетово бр. 11474 од 22 септември 1954 год.

Претпријатието ќе го потпишува директорот Аспарух Мисајловски, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 777/54. (223)

---

Окружниот суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19 јули 1954 година под реден број 222, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан за промет со текстилна стока „Вкус", со седиште во Гевгелија. Предмет на послувањето на дуќанот е: продажба на мало на текстилна стока.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 319/54. (225)

---

Окружниот суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19 јули 1954 година под реден број 221, е запишан трговскиот дуќан под фирма: Трговски дуќан за промет со железарија и граѓевински стоки „Плуг", со седиште во Гевгелија. Предмет на послувањето на дуќанот е: промет со железарија и граѓевински стоки.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 318/54. (226)

---

Окружниот суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25 септември 1954 година под реден број 19, е запишано конституирањето на Дирекцијата на Југословенските државни железници — Скопје.

Дирекцијата е конституирана на ден 17 јуни 1954 година.

За претседател на Управниот одбор е избран Чукоски Слободан.

Дирекцијата е предадена истиот ден на управување на работниот колектив.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 372/54. (228)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на страна 902, под реден број 902, е запишано стопанското претпријатие под фирма: Задружно земјоделско претпријатие „Први мај", со седиште во Нови Дојран. Предмет на послувањето на претпријатието е: развивање на лозаро-овоштарството, произведување на индустриски, градинарски, житни и фуражни земјоделски производи и развивање и унапредување на сточарството. Покрај оваа дејност претпријатието ќе се бави и со преработка на лозаро-овоштие производи во вино и ракија, ќе преработува млеко и млечни производи, врши услуги со земјоделски машини и орадија.

Претпријатието е основано со решение на НС на Гевгелиска околија бр. 1483 од 23 февруари 1955 година.

Претпријатието ќе го потпишува Томе Аризанов, в. д. директор и Ајцева Мара, книговодител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 902/55. (229)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 25 декември 1954 година под реден број 647, е запишан дуќанот под фирма: Самостоен дуќан-хотел преноќиште „Маврово", со седиште во Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: издавање легла за преноќиште.

Дуќанот е основан со решение на НО на Гостиварска околија бр. 4837 од 2 октомври 1953 год.

Дуќанот ќе го потпишуваат раководителот Хасани Милаим, Књазе Гогески и Софре Петрески, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 647/54. (232)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 15 декември 1954 година под реден број 286, е запишано стопанското претпријатие под фирма: Електрично претпријатие „Електро-Скопје", со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на претпријатието е: прима, пренесува и дистрибутира електрична енергија — наизменична 50 x 3 со напон од 1 до 10 кв.; одржување на градската електрична мрежа со напон од 220, 380, 500 и 10.000 В.; одржување на постоеќите далекоnводи и трафостанции на територијата на град Скопје, како и на територијата на НО на Скопска околија; изградување на нови далекоnводи, трафостаници, селски мрежи; изведување на нови индустриски и куќни електро инсталации за напон од 1 до 35 кв и работи на целата територија на ФНРЈ; врши оправки и контрола, баждарење на електро инструменти, мерни уреѓаи и постројки.

Претпријатието е основано со решение на НО на град Скопје бр. 27496 од 20 ноември 1954 год.

Претпријатието ќе го потпишува директорот Стево Драговиќ и Лефтер Поповски, шеф на книговодството.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 286/54. (235)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 21 декември 1954 година под реден број 758 е запишан дуќанот под фирма: Самостоен трговски дуќан за промет со текстил и манифактурни стоки на мало „Партизанка", со седиште во Скопје. Предмет на работата на дуќанот е: трговија со текстил и манифактурни стоки.

Дуќанот е основан со решение на НО на град Скопје бр. 7397/53.

Дуќанот ќе го потпишуваат Симо Герезов, раководител, Борче Перчинков, заменик и Анастас Бунгуров, хонорарен книговодител, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 758/54. (236)

---

Окружниот суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 20 јули 1954 година под реден број 228, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан за промет со мешовити стоки „7 ноември", со седиште во Гевгелија. Предмет на послувањето на дуќанот е: промет со мешовити стоки на мало.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 325/54. (239)

---

Окружниот суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 20 јули 1954 година под реден број 225, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан за промет со галантериски и парфимериски стоки на дребно „Кармин", со седиште во Гевгелија. Предмет на послувањето на дуќанот е: промет со галантериски и парфимериски стоки на мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 322/54. (240)

---

Окружниот суд во Скопје објавува дека Претпријатието за преработка на тестенини „Биљана" — Скопје досега водено во регистарот на стопанските претпријатија при НО на град Скопје на страна 19, под реден број 19, е префрлено од поменатиот регистар и запишано во регистарот на стопанските организации при овој суд на страна 488, под фирма: Претпријатие за преработка на тестенини „Биљана", со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на претпријатието е: изработка на тестенини.

Од Окружниот суд во Скопје, Фи бр. 493/54. (241)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23 октомври 1954 година под реден број 633, е запишано претпријатието под фирма: Трговско претпријатие за промет со мешовити стоки „Маврово", со седиште во Гостивар. Предмет на послувањето на претпријатието е: трговија со мешовити стоки на мало и големо и тоа: со текстил, куси и плетени стоки и конфекција; галантериски, базарски стоки и играчки; јажарски, каделни и јутени производи; обувки, кожна галантерија, производи од гума, каучук и пластични маси; железарски и метални стоки, велосипеди и прибор; селско стопански алати и вештачки ѓубрива, нафтени деривати, мазива, уља и масти, музички инструменти; радио-апарати и прибор, електро-технички материјали; саати и изработки од драгоцени материјали, бои, лакови, хемикалии и прибор; козметички и парфимериски производи; градежен материјал, огревно дрво и јаглен; стакло, порцулан и керамички стоки; канцелариски материјал, хартија и прибор за пишување; месо и преработки од месо; жита и мелнички производи; прехранбени артикли и предмети за куќни потреби; деликатесни производи; производи врз база на шеќер и какао; зарзават и преработки од овоштие; производи од дрво (куќни намештај и друго); млеко, млечни производи и печиво; алкохолни и безалкохолни пијалоци; тутунски преработки, кибрит и прибор и мешовити индустриски стоки.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 633/54. (244)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23 октомври 1954 година под реден број 634, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан „Мерино", со седиште во Маврови Ханови.

Дуќанот е во состав на Трговското претпријатие „Маврово" — Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија на мало со текстил, куси и плетени стоки и конфекција, мешовити индустриски стоки и обувки.

Дуќанот е основан од Работничкиот совет на Трговското претпријатие „Маврово" — Гостивар, а одобрено од НО на Гостиварска околија со решение бр. 6221 од 6 септември 1954 год.

Раководител на дуќанот е: Сретко Кировски.

Од Окружниот стопански суд — Скопје, Фи бр. 634/54. (251)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23 октомври 1954 година под реден број 638, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан „Победа", со седиште во Гостивар.

Дуќанот е во состав на Трговското претпријатие „Маврово" — Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија на мало со галантерија, базарски стоки и играчки, јажарски, каделни и јутени производи, парфимериски и козметички производи, канцеларски материјали, хартија, школски прибор и прибор за пишување, прехранбени артикли и предмети за куќни потреби, деликатесни производи, тутунски преработки, кибрит и прибор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 638/54. (253)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23 октомври 1954 година под реден број 639, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан „Модни Магазин", со седиште во Гостивар.

Дуќанот е во состав на Трговското претпријатие „Маврово" — Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија на мало со текстил, куси и плетени стоки и конфекција, галантериски, базарски стоки и играчки, јажарски, јутени и каделни производи, производи од гума, каучук и пластични маси, музички инструменти, радио-апарати и друго, бои, лакови, хемикалии и прибор, парфимериски и козметички производи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 639/54. (254)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23 октомври 1954 година под реден број 650, е запишан дуќанот под фирма: Трговски дуќан „Караорман", со седиште во Гостивар.

Дуќанот е во состав на Трговското претпријатие „Маврово" — Гостивар. Предмет на послувањето на дуќанот е: трговија на мало со галантериски, базарски стоки и играчки, јажарски, каделни и јутени производи, парфимериски и козметички производи, канцелариски материјали, хартија, школски прибор и прибор за пишување, прехранбени артикли и предмети за куќни потреби, деликатесни производи, бои, хемикалии, лакови и прибор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 650/54. (255)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 5 март 1955 година под реден број 455, е запишано стопанското претпријатие под фирма: Претпријатие за производство на радио уреѓаи, поправка и продажба на радио апарати и делови „Радио Бран", со седиште во Скопје. Предмет на послувањето на претпријатието е: производство на радио уреѓаи, поправка и продажба на радио апарати и делови.

Претпријатието е основано од Работничкиот совет на Претпријатието „Радио Центар" — Скопје со заклучок од 10 декември 1954 година, а одобрено од НО на град Скопје — Секретаријат за стопанство со решение бр. 1017 од 22 февруари 1955 година.

Претпријатието ќе го потпишуваат директорот Секуловски Тихо, Баштовански Ставре и Антова Лилјана, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 455/55. (272)

## ПРОМЕНИ ВО РЕГИСТАРОТ

Со решение бр. 112 од 8-I-1954 година на Народниот одбор на Градската општина — Штип, Алија Беговски е назначен за директор на Лозаровинарското претпријатие „Грозд", со седиште во Штип, и од 8-I-1954 година има право да го потпишува претпријатието.

Бр. 112/54 од Советот за стопанство на НО на Градската општина — Штип. (62)

---

Окружниот суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации под реден број 27/54, е запишано следното: Трговското претпријатие за жива стока, емиш и зарзават „Овче Поле" се припојува кон Трговското претпријатие за купо-продажба на селско-стопански производи „Бел Камен", со седиште во Св. Николе. Предмет на послувањето на претпријатието е: трговија со селско-стопански производи.

За раководител на претпријатието е назначен Доне Мијалков Пехливанов.

Од Окружниот суд во Штип, Р. бр. 27/54. (991)

Окружниот суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации под реден број 303/54, е запишана следната промена: Трговското претпријатие на едро и дребно „Пирин", со седиште во Делчево, со стопанска дејност: купопродажба на стоки од внатрешниот промет, трговија на едро и дребно со текстил, куси и плетени стоки и конфекција, јажарски стоки, вати, мазива, жита, мелнички преработки, тутунски преработки и мешовити индустриски стоки.

Во состав на претпријатието влегуваат следните продавници: Мешовитата продавница бр. 2, со седиште во с. Звегор; Мешовитата продавница бр. 4, со седиште во с. Панчарево; Мешовитата продавница бр. 5, со седиште во с. Драмче; Мешовитата продавница бр. 6, со седиште во с. Тработивиште; Мешовитата продавница бр. 7, со седиште во с. Вирче; Мешовитата продавница бр. 8, со седиште во с. Разловци; и Мешовитата продавница бр. 9, со седиште во с. Каменица.

Од Окружниот суд во Штип, Р. бр. 303/54. (1046)

---

Окружниот суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации под реден број 110/54, е запишана следната промена: со решение бр. 5 од 25-IV-1954 година Александар Русев Андонов е назначен за директор на Градското производително градежно и транспортно претпријатие „Слога" — Св. Николе, кој во иднина ќе го потпишува претпријатието.

Со истото решение е ослободен од должност досегашниот директор Пане Панов Велков, на кого му престанува правото да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот суд во Штип, Р. бр. 110/54. (1095)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 26-XI-1954 година, под реден број 43 е запишана следната промена: со решение бр. 840 од 18-XI-1954 година Костадинов Васил е назначен за директор на Претпријатието за одржување на пруги — Титов Велес, кој во иднина ќе го потпишува претпријатието.

Досегашниот директор Гнијатовиќ Бранко е разрешен од должност сметано од 1-XI-1954 година, од која дата му престанува правото да го потпишува претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 723/54. (1624)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 23-XII-1954 година под реден број 724, е запишана следната промена: се изменува фирмата на Самостојниот трговски дуќан „Напредно земјоделие" — Титов Велес, и истото во иднина ќе се води под фирма: Трговско претпријатие на мало и големо за Титоввелешка околија „Напредно земјоделие", со седиште во Титов Велес.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 785/54. (74)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 21-I-1955 година, под реден број 786 е запишана следната промена: се изменува фирмата на Околиското задружно услужно претпријатие — Титов Велес, и истото во иднина ќе се води под фирма: Земјоделско услужно претпријатие, со седиште во Титов Велес.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 786/54. (81)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 13-I-1955 година, под реден број 345 е запишано следното: покрај директорот на Претпријатието за изработка на офицерски и цивилни облекла и чевли — Скопје, Тодоровиќ Јован, фирмата на претпријатието ќе ја потпишува и шефот на сметководството Милоевиќ Радое, сметано од 13-I-1955 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 830/55. (111)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 4-II-1955 година, под реден број 793 е запишана следната промена: се изменува фирмата на Задружното семенско претпријатие „Семе Вардар“ — Скопје, и истото во иднина ќе се води под фирма: Специјализирано задружно семенско претпријатие на големо и мало „Семе Вардар“, со седиште во Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, 836/55. (112)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11-I-1955 година под реден број 609 е запишано следното: Станимир Јован Бојковски, досегашен управник на Земјоделско-сточаро-млекарската задруга „Вуксан“ — Куманово, е разрешен од должност од 11-I-1955 година, од која дата му престанува правото задругата да ја потпишува.

Новоназначениот управник Стојковски Трајков Милорад е овластен задругата да ја потпишува сметано од 11-I-1955 година.

Фирмата и понатаму ќе ја премопотпишува шефот на сметководството Доце Бошко Тасевски.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 799/55. (114)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11-I-1955 година, под реден број 328 е запишано следното: досегашните потписници на Трговскиот дуќан за колонијал, стакларија и производи од тутун на мало „Добра услуга“ — Куманово, Георгиевски Трајче, раководител и Тасевски Душко, зам. раководител, се разрешени од должност сметано од 11-I-1955 година, од која дата им престанува правото претпријатието да го потпишуваат.

На нивни места се назначени следните лица. Сречко Димитриевски, раководител и Нада Аневска, зам. раководител, кои ќе го потпишуваат дуќанот сметано од 11-I-1955 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 829/55. (115)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 3-II-1955 година, под реден број 116 е запишано следното: Јовановски Станојко, досегашен директор на Претпријатието за туристички и сообраќајни услуги „Путник“ — Куманово, е разрешен од должност од 1-I-1955 година, од која дата му престанува правото претпријатието да го потпишува.

Новоназначениот директор Стаменковски Милорад е овластен претпријатието да го потпишува сметано од 3-II-1955 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 116/55. (116)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 10-I-1955 година, под реден број 262, е запишано следното: Андоновски Јордан, досегашен директор на Трговското претпријатие за промет со отпадоци „Отпад“ — Неготино, е разрешен од должност од 10-I-1955 година, од која дата му престанува правото да го потпишува претпријатието.

Ново назначениот директор Ристо Ѓорчев е овластен претпријатието да го потпишува сметано од 10-I-1955 година.

Фирмата на претпријатието и понатаму ќе ја премопотпишува магазионерот Митров Пане.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 828/55. (155)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12-II-1955 година, под реден број 466, е запишано следното: Ангеловски Благоја, досегашен директор на Претпријатието за фото-оптички услуги и трговија „Фото Центар“ — Скопје, е разрешен од должност од 12-II-1955 година, од која дата му престанува правото да го потпишува претпријатието.

Ново назначениот директор Вехбија Реџепи е овластен претпријатието да го потпишува сметано од 12-II-1955 година.

Фирмата на претпријатието и понатаму ќе ја премопотпишува книговодителот Маринов Тихомир.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 850/55. (162)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 20-I-1955 година, под реден број 200, е запишано следното: Печатницата „Гоце Делчев“ — Скопје ја проширува својата дејност и со картонажен амбалаж, повеќебоен печат на офсет, растирање на книги и тетратки, подврзување на книги во кожа и платно, ливење на валци, острење на ножови и друго.

На досегашните потписници, Анастасовски Коста, технички раководител и Меновски Златко, се-

кретар, им престанува правото печатницата да ја потпишуваат сметано од 20-I-1955 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 833/55. (170)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 7-XII-1954 година под реден број 1, е запишано следното: Самостојниот занаетчиски дуќан „Стогово“ — Дебар, е конституисан согласно одобрението на НО на Дебарска околија, бр. 10855.

Покрај раководителот на дуќанот, Ламбе Аврамовски, фирмата на дуќанот ќе ја потпишува и службеникот Вело Милојковски, сметано од 7-XII-1954 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 776/54. (178)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 24-I-1955 година, под реден број 401, е запишано следното: Камџијаш Васо, досегашен раководител на Занаетчискиот дуќан за производство на сувомеснати производи „Здравје“ — Скопје, е разрешен од должност од 24-I-1955 година, од која дата му престанува правото дуќанот да го потпишува.

Ново назначениот раководител Митиќ Ѓуро е овластен дуќанот да го потпишува сметано од 24-I-1955 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, 811/55. (201)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 27-XII-1954 година под реден број 211 е запишано следното: согласно решението на Државниот секретаријат за работи на стопанството, бр. 8519 од 6-IX-1954 година Претпријатието за снабдување на земјоделието „Агроснабдител“ — Скопје, ќе се бави и со трговија на мало со: семенска стока, моторни возила, резервни делови и прибор, рибарски материјал и прибор, пчеларски материјал и прибор.

Покрај досегашните потписници на претпријатието, Икономовски Василев Атанас и Казанков Р. Ѓорѓи, претпријатието ќе го потпишуваат и следните лица: шефот на III пословница Јордан Панов Гиров, шефот на I пословница Стефан Коце Стефанов, референтот во V пословница Пеевски Георги Ванчо, шефот на книговодството Хаџитомов Анастас Ванчо и раководителот на сем. прод. Аневски Ристо Диме, сметано од 25-XII-1954 год.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 789/54. (202)

## ЗАДРУЖНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Штип, објавува дека во регистарот на стопанските организации под реден број 374/54, е запишана задругата под назив: Општа земјоделска задруга „Беласица“, со седиште во с. Габрово — Струмичко. Предмет на послувањето на задругата е: производство и откуп на земјоделски производи како и трговија со земјоделски стоки.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 374/54. (188/54)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации под реден број 6/54, е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Зорка“, со седиште во с. Ерџелија, Овчеполско. Предмет на послувањето на задругата : снабдување со сите видови стоки и инвентар. откуп на земјоделски производи, набавка и измена на земјоделски машини, преработка на земјоделски производи и организирање коларо-ковачка дејност.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 6/54. (21)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на земјоделските задруги под реден број 7/54, е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Црвена Ѕвезда“, со седиште во с. Лезово — Овчеполско. Предмет на послувањето на задругата е: обработка на земјата, откуп на земјоделски производи, снабдување со индустриски производи, вршење услуги со земјоделски инвентар и преработка на земјоделски производи.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 7/54. (22)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на земјоделските задруги под реден број 9 е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „1 мај“, со седиште во с. Д. Балван — Овчеполско. Предмет на послувањето на задругата е: обработка на задружната земја, откуп на земјоделски и сточарски производи, снабдување со индустриски стоки, вршење услуги со земјоделски инвентар и преработка на земјоделски производи.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 9/54. (24)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на земјоделските задруги под реден број 10/54 е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Бандера“, со седиште во с. Драгоево — Овчеполско. Предмет на послувањето на задругата е: снабдување со потребен материјал, индустриски стоки, откуп на земјоделски производи, вршење услуги со земјоделски машини, преработка на земјоделски производи, како и организирање коларо-ковачка дејност.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 10/54. (25)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на земјоделските задруги под реден број 14/54 е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Победа“, со седиште во с. Врсаково — Овчеполско. Предмет на послувањето на задругата е: обработка на задружната земја, откуп на земјоделски производи, снабдување со индустриски стоки, укажување услуги на членовите

## ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Фабриката за цемент „Усје“ — во изградба — Скопје, со решение бр. 1397 од 10-V-1955 година распишува прво јавно писмено наддавање за следните работи:

1. Изработка на громобранска инсталација на 21 фабрични објекти со претсметковна вредност од Дин. 5,696.273.

2. Изработка на дворното осветление во кругот на фабриката со претсметковна вредност од Дин. 4,570.978.

Јавното наддавање ќе се одржи во просториите на Управата при Фабриката за цемент „Усје“, на ден 3 јуни, во 11 часот.

Условите можат да се видат секој ден од 10—14 часот при Управата на Фабриката.

**Од Фабриката за цемент „Усје“ — Скопје**

---

со изнајмување на земјоделски инвентар, како и преработка на земјоделски производи.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 14/54. (29)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на земјоделските задруги под реден број 15/54 година е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Санто Георгиев“, со седиште во с. Аргулица — Овчеполско. Предмет на послувањето на задругата е: обработка на задружната земја, откуп на земјоделски производи, снабдување со индустриски стоки, укажување услуги на членовите со изнајмување на земјоделски инвентар, како и преработка на земјоделски производи.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 15/54. (30)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на земјоделските задруги под реден број 16/54 година е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Благој Коцев“, со седиште во с. Гајранци — Овчеполско. Предмет на послувањето на задругата е: обработка на задружната земја откуп на земјоделски производи, снабдување со индустриски стоки, укажување услуги на членовите со изнајмување на земјоделски инвентар како и преработка на земјоделски производи.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 16/54. (31)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 6-XI-1954 година, под реден број 686 е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Козјак“, со седиште во с. Ореше — Титовелешко. Предмет на послувањето на задругата е: набавка на индустриски стоки, откуп на земјоделски производи, сточарство, дрварство и снабдување со земјоделски алати.

Задругата е основана согласно одобрението на НО на Титовврлешка околија, број 100 од 15-X-1954 година.

Членови на управниот одбор се: Велјановски Вељо, управник, Борис Стојанов, Ристе Китанов, Димо Најдовски, Петре Петров, Вељо Илиев, Петре Милошев и Најдо Трпчевски, членови. Задругата ќе ја потпишуваат и застапуваат: управникот Вељо Велјанов и членот Борис Стојанов.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 686/54. (51)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации на 22-I-1955 година под реден број 796, е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Атанас Ѓуров“, со седиште во с. Прдејци — Гевгелиско. Предмет на послувањето на задругата е: да организира заедничка набавка на потребните земјоделски машини и друг инвентар, семиња и разни др. земјоделски средства за потребите на своите членови, организира заедничка преработка и продажба на своите производи и производите од своите членови, преку разни организирани акции ќе го развива стручното, културното, просветното и економското унапредување на земјоделските производители. Својата стопанска дејност задругата ќе ја организира во оквирот на делатноста на самата задруга.

Задругата е основана согласно одобрението на НО на Гевгелиска околија, број 10459 од 28-XII-1954 година.

Членови на управниот одбор се: претседателот Васил Ангов и членовите Атанас Попов, Стојан Киров, Илија Лазаров и Мито Петров. Задругата ќе ја потпишуваат и застапуваат: претседателот Васил Ангов и членот Мито Петров.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 796/54. (85)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на земјоделските задруги под реден број 21/1951 година е запишана задругата под назив: Земјоделска задруга „Пилав Тепе“, со седиште во село Дамјан — Струмичко. Предмет на послувањето на задругата е: производство на земјоделски производи, лозарство, трговија со вршење откуп на земјоделски производи и услужна дејност со машини.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Р. бр. 21/54. (125)

---

### СОДРЖИНА

95. Решение за определување прв рок за доставување барања за користење средства од Републичкиот фонд за унапредување на шумарството — — — — — — — 185

Издавач: Новинско-издавачко претпријатие „Службен весник на Народна Република Македонија“ — Скопје ул. „29 ноември“. Одговорен уредник П. Јанезски. Пошт фах 51. Тел. 19-86. Чековна сметка при Народната банка — Скопје бр. 801-Т-166. Печатница „Гоце Делчев“ II — Скопје.